МАКАМ-ТРАНС

АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКАМ-ТРАНС
БР. 03-46 / 25.09.2024 год.
СКОПЈЕ

**ВАЖНО СООПШТЕНИЕ**

На 10 ноември 2024 година, Европската унија ќе започне со имплементација на системот ЕЕС, кој вклучува електронско евидентирање на влез и излез во земјите на ЕУ, Швајцарија и Норвешка, како и електронска проверка на почитување на правилата за дозволен 90 дена престој во период од 180 дена за државјани на трети земји. Оваа промена, која наскоро ќе стапи на сила, нема да влијае само на граѓаните од трети земји кои влегуваат во споменатите земји како туристи, туку ќе влијае и на превозниците и возачите кои вршат меѓународен превоз во патниот сообраќај, а со тоа и економијата на ЕУ, која има свои производни погони во трети земји.

**Како системот ЕЕС влијае на возачите кои превезуваат стоки во меѓународниот превоз во патниот сообраќај?**

Имено, професионалните возачи на камиони од трети земји имаат ограничен број денови на престој во земјите на ЕУ, Швајцарија и Норвешка (90 дена во кој било период од 180 дена). Овие возачи со години наназад се среќаваат со проблемот пречекорување на дозволен број на денови на престој и нема логика дека луѓето кои се на своето работно место и кои постојано преминуваат граници во камиони, со различните сертификати што ги поседуваат како професионални возачи, имаат ограничување на деновите на нивниот престој. Со воведување електронска контрола на дозволениот број денови престој во ЕЕС, што ќе претставува единствена контрола во сите споменати земји и која ќе ги замени рачното броење на печати во пасошите на возачите, многу побрзо и поефикасно ќе ги елиминира возачите на теретните возила поради пречекорување на деновите на престој и ќе доведе до забрана за влез на територии во тие земји за скоро сите возачи.

**Како системот ЕЕС влијае врз економијата на ЕУ?**

Економијата на Европската Унија во голема мера се потпира на нејзините производствени капацитети лоцирани во трети земји како Србија, Турција, Северна Македонија, Албанија, Црна Гора... Стоки, суровини, делови за автомобилската индустрија произведени во трети земји ги превезуваат камиони и возачи на превозници од тие земји. Недостигот од професионални возачи во патниот транспорт веќе постои, со воведувањето на овој систем ЕЕС ќе кулминира уште повеќе, а во период од 4 до 6 месеци речиси и да нема возачи кои ќе можат да превезуваат стока, а со тоа и патниот превоз на стоки ќе престане. Тоа ќе влијае и на економијата на ЕУ бидејќи зависи од производството на стоки и суровини кои се реализираат во трети земји и чиј транспорт до ЕУ исклучиво се потпира на превозници, возачи и возила од трети земји.

Сите компании за кои патниот превоз е важен за увоз и извоз на стоки меѓу ЕУ и трети земји треба да знаат дека за многу краток период ќе останат без расположливите капацитети во однос на товарните возила бидејќи нема да има кој да ги вози, а превозниците од земјите на ЕУ таков вид превоз не вршат. На овој начин не сакаме да создадеме паника, туку само бараме помош од сите бизнисмени чии матични компании се од ЕУ да побараат ослободување на професионалните возачи од ограничените денови на престој на територијата на земјите од ЕУ. Швајцарија и Норвешка, преку амбасади и други надлежни институции од нивните земји, со цел да се спречи многу лошо сценарио.

Превозниците од трети земји не можат сами да дејствуваат во решавањето на овој глобален проблем, затоа е многу важно сите бизнисмени да бидат информирани и во согласност со нивните можности да помогнат во решавањето на овој проблем, кој ќе влијае не само на активноста на патниот транспорт, туку и економијата на ЕУ. Доколку не дојде до итна промена и ослободување на професионалните возачи од ограничените денови на престој на териториите на споменатите земји, претставниците на нашата земја и земјите засегнати со оваа одлука се решени да го побараат своето право на работа со спроведување на порадикални чекори.

Биљана Муратовска
Генерален секретар
Асоцијација Макам-транс